„Никој не треба да биде казнет со повеќе од десет удари, освен ако станува збор за казна од Аллаховите казни.“

Од Ебу Бурда ел-Енсари, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека слушал како Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: „Никој не треба да биде казнет со повеќе од десет удари, освен ако станува збор за казна од Аллаховите казни.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, забранил некој да се казнува со повеќе од десет удари, освен ако станува збор за грев. Ова не се однесува на казните за кои шеријатот точно пропишал број на удари или конкретна санкција, туку на воспитните мерки, каде што не е дозволено да се премине границата од десет удари.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2987